***З А П И С Н И К***
***од 9-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 13.04.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во $9^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

На седницата беше присутен претставник од Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Катерина Радовска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од осма седница на Совет на општина Демир Хисар

За усвојување на записникот гласаа 10 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за финансии и буџет.

2.Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за јавни и комунални дејности.

3. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

4. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за опшествени дејности.

5. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за месна самоуправа.

6. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисијата за одбележување на празници, манифестации и доделување признанија и награди.

7. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Статутарно правна комисија.

8. Донесување на Решение за формирање на Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди.

9. Донесување на Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар.

10 Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.

11.Донесување на Решение за именување на претседател и 2 членови Надзорен одбор за материјално финансиско работење на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.

12. Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.

13.Донесување на Решение за разрешување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември “Демир Хисар.

14. Донесување на Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември “Демир Хисар.

15. Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

16. Донесување на Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

17. Донесување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.
18.Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.
19. Донесување на Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.
20. Донесување на Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.
21. Донесување на Решение за именување на претставници од Локалната самоуправа во Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.
22.Донесување на Решение за разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.
23.Донесување на Решение за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.
24.Донесување на Решение за разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар.
25.Донесување на Решение за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар.
26.Донесување на Решение за разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар.
27.Донесување на Решение за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар.
28. Донесување на Решение за именување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите.
29. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности за жените и мажите.
30.Донесување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар.
31.Донесување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар.
32.Донесување на Решение за разрешување на членови во Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата.
33. Донесување на Решение за именување на предлог кандидати за членови во Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата.
34. Донесување на Решение за формирање на Локален Совет за Превенција.
35. Донесување на одлука за дополнување на одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација бр.17-193/14 од 24.02.2022 година.
36.Донесување на Одлука за давање на трајно користење на движна ствар-возило во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈКП „Комуналец“ од Демир Хисар.
37. Информација за потрошени средства за гориво, поминати километри за службените возила сопственост на општина Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 годинаа.
38.Информација за состојбата со поднесени, одбиени и нерешени барања за бесправно изградени објекти.
39.Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата и предложениот Дневен ред го стави на гласање. При тоа предложи да се дополни Дневниот ред со точка 13.Донесување на Решение за разрешување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември “Демир Хисар. Други предлози немаше. За усвојување на Дневниот ред гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 1. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за финансии и буџет***

Во врска со изборот на членови во Комисија за финансии и буџет Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа

за претседател Александра Трајковска и членови Аце Јанкуловски, Јордан Кромидаровски, Александар Чорбевски од Слепче и Марија Стојановска од Демир Хисар. Други предлози немаше. За донесување на решението гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за јавни и комунални дејности***

Во врска со изборот на членови на Комисија за јавни и комунални дејности Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сантра Пејковска го изнесе предлогот од комисијата и тоа за претседател Аце Јанкуловски, членови Филип Ангелевски, Сашо Михајловски, Аце Јовановски од Демир Хисар и Александар Станковски од Кутретино. Други предлози и забелешки по предлогот немаше. За донесување на решението гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина***

Во врска со изборот на членови во Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Валентин Несторовски, чќленови Сандра Пејковска, Марина Димитријовска, Иван Кизмановски од Демир Хисар и Христијан Алексовски од Демир Хисар, при тоа додаде наместо Сандра Пејковска за член во комисијата да биди Аце Јанкуловски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи за претседател на комисијата да биди Иван Кузмановски. Други предлози немаше. За комисијата за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во состав претседател Иван Кузмановски, членови Валентин Несторовски Аце Јанкуловски Марина Димитријовска и Христијан Алексовски гласаа 11 „за“ .

***ТОЧКА 4. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за опшествени дејности***

Во врска со изборот на членови во Комисија за опшествени дејности Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател и тоа Александра Трајковска, членови Сандра Пејковска, Љупчо Најдовски, Бети Малушовска од Сопотница и Елизабета Божиновска од Единаковци. Советникот Сашо Михајловски забележа во предходниот состав на Совет во оваа комисија немеше претставник од опозицијата и сите го осудувавме дека тоа не е во ред, сега вие истото го правите не дозволувате член од опозицијата во оваа комисија. Ако има добра волја ништо не значи еден гласи ништо неможи да промени при носењето на одлуките. Советничката Марина Димитријовска додаде предходно постојано се разговарало за оваа постапка и сега се повторува. Советничката Сандра Пејковска истакна ова не е ист случај сега има застапеност и на друга советничка група. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи на местото од Елизабета Божиновска опозицијата да предложи свој член. Советничката Ивана Кочовска предложи за член во комисијата да биди д-р Драган Јовановски од Суводол. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Решението за именување на членови во Комисија за опшествени дејности во состав претседател Александра Трајковска и членови Сандра Пејковска, Љупчо Најдовски, Бети Малушовска и Драган Јовановски гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за месна самоуправа***

Во врска со изборот на членови во Комисија за месна самоуправа Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Филип Ангелевски и членови Јасмина Јовановска, Илче Ангелевски од Суводол, Васил Јаковлевски од Демир Хисар и Тони Ангелевски од Доленци, при тоа предложи измена наместо Филип Ангелевски за Претседател да биди Валентин Несториски. За донесување на Решението за именување на членови во комисијата за месна самоуправа во состав претседател Валентин Несториски членови Јасмина Јовановска, Илче Ангелевски, Васил Јаковлевски и Тони Ангелевски гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисијата за одбележување на празници, манифестации и доделување признанија и награди***

Во врска со изборот на членови во Комисијата за одбележување на празници, манифестации и доделување признанија и награди Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Сандра Пејковска, членови Филип Ангелевски, Марина Димитријовска, Иванчо Најдовски од Единаковци и Мартина Станковска од Жван. Дискусија немаше со 11 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 7. Решение за избор на претседател и 4 членови на Статутарно правна комисија***

Во врска со изборот на членови во Статутарно правна комисија Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Сандра Пејковска, членови Александра Трајковска, Ивана Кочовска, Валентина Талевска од Журче и Жан Лозановски од Демир Хисар. Дискусија немаше со 11 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 8. Решение за формирање на Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди***

Во врска со предлогот за членови во Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Васко Младеновски и членови Роберт Зинговски од Демир Хисар, Митко Станковски од Демир Хисар, Владо Јошевски од Демир Хисар, Зоран Божиновски од Единаковци, при тоа предложи во комисијата за претседател да биди Роберт Зинговски, а на местото од Васко Младеновски од вработените во земјоделие да биди Добре Димитријовски и наместо Зоран Божиновски да биди Елизабета Божиновска. Советникот Сашо Михајловски забележа во оваа комисија нема член претставник од советничката група на СДСМ затоа предложи претседател на комисијата да биди Богдан Стојановски, а советничката Марина Димитријовска додаде ако не претседател можи на местото од Митко Станковски нека биди член на комисијата Богдан Стојановски инспектор по земјоделие е стручно лице. Други предлози немаше. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предлозите ги стави на гласање. Предлогот од Сашо Михајловски го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ не се прифати. За предлогот од комисијата дополнет со предлогот од советничката Сандра Пејковска односно комисија во состав претседател Роберт Зинговски членови Добре Димитријовски, Митко Станковски, Владо Јошевски и Елизабета Божиновска гласаа 6 „за“ 5 „против“. Предлогот се прифати.

**ТОЧКА 9. Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар**

Во врска со предлогот за членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на општина Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Наталија Јанчевска од Демир Хисар и членови Иван Балуловски од Слепче и Драге Јовановски Демир Хисар. Советникот Сашо Михајловски забележа и во ова тело двајца претставници од ВМРО ДПМНЕ и еден од ЛДП нема никој од СДСМ. Претседателот Љупчо Најдовски реагираше Драге Јовановски не е од ЛДП тоа е мој предлог. Советничката Марина Димитријовска предложи на местото од Иван Балуловски да биди Горан Чамовски. Други предлози немаше. За предлогот од советничката Марина Димитријовска гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ не се прифати, за предлогот од од комисијата изнесен од советничката Сандра Пејковска гласаа 6 „за“ 5 „против“. Се прифати.

***ТОЧКА 10. Решение за именување на членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Управен одбор на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа Тамара Николовска од Демир Хисар, Христијан Тасевски од Суводол, Александар Поповски од Слепче, Зоран Котевски од вработените и Драган Станковски по

предлог на градоначалникот. Дискусија немаше. За составот на управниот одбор гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 11. Решение за именување на претседател и 2 членови Надзорен одбор за материјално финансиско работење на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Надзорен одбор за материјално финансиско работење на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Никола Костовски од Демир Хисар, членови Александар Здравевски од Демир Хисар и Александар Деспотовски. Други предлози немаше. За донесување на решението гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 12. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа Марија Велевска од Сопотница, Васа Талевска од Демир Хисар и Весна Гицовска од Сладуево. Советничката Ивана Кочовска предложи на местото од Весна Гицовска да биди Милена Котевска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни Весна Гицовска е негователка е соодвета за таа институција. Други предлози немаше. За предлогот на советничката Ивана Кочовска гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ не се прифати, за предлогот од комисијата гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 13. Решение за разрешување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември “Демир Хисар***

За разрешување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември “Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 14. Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември “Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември “Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа Кети Митреска од Света, Јасмина Василевска од Демир Хисар и Весна Николовска од Прибилци. Дискусија немаше. За донесување на решението гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 15. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа Магдалена Вељановска од Стругово, Љупчо Ангелески од Демир Хисар, Александар Пејковски од Сопотница, Никола Најдовски од Демир Хисар и Љубиша Стојановски од Вирово. Дискусија немаше. За донесување на решението гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 16. Решение за именување на претседател и 2 членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа претседател Даниела Трајковски од Демир Хисар, Христијан Ристевски од Слепча и Христијан Ѓорѓиевски од Сопотница. Дискусија немаше. За донесување на решението гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 17. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар***

За разрешување на членови во Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 18. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа претседател Симоновски Никола Демир Хисар и членови Живко Дранговски од Белче, Љупчо Темелковски од Единаковци, Марина Колевска од Вардино и Сузана Ванчевска од Кутретино. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 6 „за“ 3 „против“ и 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 19. Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар***

За разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 20. Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за членови во Надзорен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа претседател Валентин Митревски од Света, и членови Борче Јошевски од Загориче, Влатко Ивановски од Суводол, Марија Христовска од Демир Хисар и Александар Пирковски од Слепче. При тоа предложи наместо Влатко Ивановски да биди Љупчо Србиновски од Белче. Советничката Ивана Кочовска предложи наместо Влатко Ивановски да биди Јована Груевска. Други предлози немаше. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предлогот на советничката Ивана го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ не се прифати, за предлогот од комисијата со измената во состав претседател Валентин Митревски Света, членови Борче Јошевски Љупчо Србиновски, Марија Христовска и Александар Пирковски гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 21. Решение за именување на претставници од Локалната самоуправа во Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за именување на претставници од Локалната самоуправа во Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа Горан Шундовски од Демир Хисар и Маја Велевска од Демир Хисар. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде третиот член предлогот ќе биде на наредна седница. Советничката Ивана Кочовска предложи за член во училишниот одбор да биде Марија Стојановска. Други предлози немаше. За предлогот на советничката Ивана Кочовска гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ не се прифати. За предлогот од од комисијата изнесен од советничката Сандра Пејковска со напомена на наредна седница да се дополни со уште еден член гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 22. Решение за разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар***

За разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 23*. Решение за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

Во врска со предлогот за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за член се предлага Даниел Талевски од Журче. Дискусија немаше. Со 6 „за“ и 5 „против предлогот беше усвоен.

***ТОЧКА 24. Решение за разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар***

За разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 25. Решение за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар***

Во врска со предлогот за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања

избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за член се предлага Ана Станковска од Жван. Дискусија немаше. Со 6 „за“ и 5 „против предлогот беше усвоен.

***ТОЧКА 26. Решение за разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар***

За разрешување на член во Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 27. Решение за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар***

Во врска со предлогот за именување на член во Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за член се предлага Менде Генески од Смилево. Дискусија немаше. Со 6 „за“ и 5 „против предлогот беше усвоен.

***ТОЧКА 28. Решение за именување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите***

Во врска со предлогот за именување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Зорче Станковски од Кутретино од редот на правни лица , членовите Благојче Кочанковски од Смилево, Стевче Цветановски од Единаковци Филип Цветановски од Прибилци и Рубинчо Митевски од Бараково од редот физички лица и Сашо Трампевски од Демир Хисар и Зоран Здравевски од Вардино од редот на правни лица. Дискусија немаше. Со 6 „за“ и 5 „против предлогот беше усвоен.

***ТОЧКА 29. Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности за жените и мажите***

Во врска со предлогот за формирање на Комисија за еднакви можности за жените и мажите Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Сандра Пејковска, а заменик Виолета Балуловска од Слепче, член Јасмина Котевска од Суводол, нејзин заменик Весна Ориѓанска Сопотница, член Жан Петревски од Кутретино, а негов заменик Дарко Димовски од Стругово. Дискусија немаше. Со 6 „за“ и 5 „против предлогот беше усвоен.

***ТОЧКА 30. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар***

За разрешување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 31. Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар***

Во врска со предлогот за именување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за членови ги предложи Александар Пејковски од Демир Хисар и Јосиф Радевски од Демир Хисар. Дискусија немаше. За донесувањењ на решението гласаа 6 „за“ 3 „против“ и 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 32. Решение за разрешување на членови во Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата***

За разрешување на членови во Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата гласаа 6 „за“ 4 „против“ воздржани немаше.

***ТОЧКА 33. Решение за именување на предлог кандидати за членови во Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата***

Во врска со предлогот за именување на предлог кандидати за членови во Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Марио Стојановски од Кутретино, членови Дамјан Николовски од Белче, Горан Пирковски од Слепче, Филип Најдовски од Журче, Добре Илиевски од Мренога, Гоце Велковски од Суводол и Оливер Јанкуловски

од Вардино. Советничката Марина Димитријовска предложи за за кандидат за член во ОСБСП да биди Христијан Алексовски. Други предлози немаше. Претседателот на Советот предлогот на советничката Марина Димитријовска го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „против“ не се прифати. За предлогот од од комисијата изнесен од советничката Сандра Пејковска гласаа 6 „за“ 5 „против“.

***ТОЧКА 34. Донесување на Решение за формирање на Локален Совет за Превенција***

За формирање на Локален Совет за Превенција Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни во ова тело влегуваат по клуч раководните лица на институциите, при тоа предложи во составот да биди и командирот на ПС Зоран Милевски, како претставник на НВО Јасмина Котевска од Суводол, Сашо Трампевски претставник од бизнис секторот, претставник од верските заедници отец Серафим. За предлогот гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати забелешка до советниците од опозицијата зошто не дадоа подршка на предлогот кога во ова тело влегуваат координаторите на сите советнички групи. Советничката Марина Димитријовска истакна не беше правично формирањето на повеќето комисии како и управни и надзорни одбори, бидејќи има тела во кои воопшто нема претставник од опозицијата еден член нема ништо да промени при носење на одлуките. Советничката Ивана Кочовска додаде исто така не бевме консултирани да дадеме предлози. Советничката Сандра Пејковска истакна сите го искористија правото на предлог, начинот на формирањет на комисиите исто е како праксата од предходно.

***ТОЧКА 35. одлука за дополнување на одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација бр.17-193/14 од 24.02.2022 година***

За Одлуката за дополнување на одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација бр.17-193/14 од 24.02.2022 година објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ безе донесена одлуката дополнување на одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација бр.17-193/14 од 24.02.2022 година.

***ТОЧКА 36. Одлука за давање на трајно користење на движна ствар-возило во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈКП „Комуналец“ од Демир Хисар***

За Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар-возило во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈКП „Комуналец“ од Демир Хисар дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи на наредна седница да се донеси одлука за голфот да му се даде на јавното претпријатие Дехи Транс.

***ТОЧКА 37. Информација за потрошени средства за гориво, поминати километри за службените возила сопственост на општина Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 годинаа***

Во врска со Информацијата за потрошени средства за гориво, поминати километри за службените возила сопственост на општина Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 годинаа претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде општината располага со 8 возила од кои 5 општината, а 3 ТППЕ. Исто така општината врши превоз на ученик не знаема дали општината наплаќа за тоа, бидејќи тоа е обврска на јавното претпријатие, потоа немаме во информацијата податоци кое возило колку средства има потрошено. Затоа и предлагав голфот да му се отстапи на јавното претпријатие. Советничката Ивана Кочовска праша врз основа на што општината врши превоз на ученик. Фактички со тоа возило јавното претпријатие ќе врши превоз на ученикот. Дускусија повеќе немаше. Со 10 „за“ беше усвоен заклучокот Советот на општина Демир Хисар ја разгледа информацијата и предложи за наредна седница да се достави поединечно за секое возило колку километри има поминато и колку има потрошено гориво. За возилото кое е сопственост на општина Демир Хисар, а се користи на превоз на ученик дали средствата од блок дотациите за тој ученик се префрлаат на општината или овие средства осатнуваат на јавното претпријатие.

***ТОЧКА 38. Информација за состојбата со поднесени, одбиени и нерешени барања за бесправно изградени објекти***

Во врска со информација за состојбата со поднесени, одбиени и нерешени барања за бесправно изградени објекти претставникот од општината Катерина Радовска објасни за наредна седница ќе се изготви информацијата. На една од предходните седници се носеше одлука, предметот е во постапка на решавање, странката имаше корекција на елаборатот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи Советот да донеси заклучок или одлука сите предмети кои се во процедура за легализација, а не се легализирани или се одбиени да се вратат на повторна постапка и да се решат во интерес на граѓаните, а со оглед на состојбата во општината со намалување на бројот на населението и иселувањето. Советничката Сандра Пејковска додаде да се вратат на повторна постапка, а советникот Сашо Михајловски предложи да се донеси урбанистички план и да се внесат објектите. Претставникот од општината Катерина Радовска објасни не е проблем урбанискиот план онаму каде нема план се носи одлука на Совет кога ќе се изготвува ќе се внесат, некои барања се одбиени, бидејќи се градени после рокот, некои кога излегла комисијата немало дограма на објектите не се функционални затоа се одбиени, некои имаат записник од градежен инспектор. Советничката Сандра Пејковска додаде одделението да посочи како може Советот да помогне да се надминат пречките и во интерес на сите да се решат овие предмети, има желба да се помогне на граѓаните и на одделението да ги реши овие проблеми. Со 11 „за“ беше усвоен заклучокот Советот на Општина Демир Хисар согледувајќи ја ситуацијата во врска со намалување на бројот на населението во Демир Хисар односно иселување, предлага сите предмети кои се поврзани со утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти кои не се решени од определени причини истите да се решат односно да се легализираат објектите, да се излези во пртесрет на граѓаните, да се вратат на повторна постапка. Советот ќе донеси одлука, со која сите предмети кои се одбиени и нерешени поради определени забелешки да се вратат на повторна постапка да се изнајде начин согласно законските можности истите да бидат решени.

***ТОЧКА 39. Предлози и прашања***

***Советничката Марина Димитријовска постави советничко прашање***

-Зошто т.н. „средни пат“ во Сопотница не се асвалтира, предходно беше кажано дека не се добри условите, сега условите се добри, а и машините се повлечени што се случува.

***Претседателот Љупчо Најдовски постави советничко прашање***

-За канализацијата во Белче

Претставникот Катерина Бошевска објасни во постапка е експропријацијата на земјиштето и мал дел не е изработен.

-Канализацијата под патот зошто е прекината работата.

-Улиците во Белче кои беа оштетени при изградба на канализацијата не се санирани.

-До каде е изградбата на патот до манастирот Св. Тома

-Забелешка зошто јавно не се пренесуваат седниците.

-Забелешка Иницијативниот одбор за изградба на храмот во Демир Хисат нема никакви активности треба да почни со активности. Барање да се закажи состанок на иницијативниот одбор.

-Со поскапување на електичната енергија дали треба да се штеди да се исклучува уличното ноќе после еден часот. Во поголемите населени места да се стават тајмери.

Советникот валентин Несториски рече за тоа населението не се согласува.

Претседателот на Советот Најдовски додаде во услови на криза сите треба да размислуваме како да штедиме.

Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 690/2
26.05.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.